HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ

COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA

HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СЕПТЕМВРИ 2013

СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Зголемен бројот на инциденти и кривични дела сторени од омраза
- Иницијатива до Уставниот суд за Законот за прекинување на бременоста

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ
- Судски преседан со меѓународниот надзор над условите во притворите

СОЦИЈАЛНИ ПРАВА
- Лицата со оштетен слух бараат да бидат слушнати од државата

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Бесплатниот превоз за постари лица во ЈСП е дискриминаторски

ПРАВА НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА
- Вовед
- Институции
- Медиумите и ЛГБТ заедницата
- Застапување и лобирање
- Групи за поддршка

ОКТОМВРИ 2013

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА ИНЦИДЕНИ И КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА

Во текот на месец септември, Хелсиншкиот комитет за човекови права забележа одредена тенденција на зголемување на бројот на инциденти сторени од омраза во споредба со изминатиот период. Имено, регистрирани беа 15 инциденти од кои 14 беа предизвикани од национална или верска омраза и нетрпеливост додека 1 инцидент беше предизвикан поради родовиот идентитет на жртвата.

Жртвата во единствениот инцидент предизвикан поради родов идентитет е транс-сексуална жена која била нападната со нож од непознат сторител во Тетово. Нападот се случувал пред очите на нејзин познаник. Во еден момент, додека жртвата бегала, на помош пристигнал друг нејзин познаник кој исто како и жртвата бил расечен со нож. Останатите 14 инциденти се однесуваат на напади на малолетници во автобусите и на автобуските постојки каде за жал постои и употреба на ладно оружје, насилно влегување во верски објекти и нивно оштетување, како и графити со навредлива содржина испишани на објекти од јавен карактер.

Поради зголемениот број на регистрирани инциденти, Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати до надлежните институции (МВР, јавни обвинителства, судови и ЈСП) со цел добивање дополнителни информации и потврда за сторените инциденти а истовремено побара сторителите на овие дела да бидат пронајдени и повикани на одговорност согласно позитивните законски норми. Во продолжение, Комитетот укажа на потребата надлежните институции да преземаат сериозни мерки со цел превенција и намалување на бројот на инцидентите, а посебно на оние сторени од омраза.

## ИНИЦИЈАТИВА ДО УСТАВНИОТ СУД ЗА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Хелсиншкиот комитет заедно со невладините организации Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Коалиција “Сексуални и Здравствени права на маргинализирани заедници”, Реактор – Истражување во акција и Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд изразија загриженост за направените измени на Законот за прекин на бременоста.[1]

На оваа иницијатива и претходеше опсежна анализа на предложените измени и учество на Комитетот и невладините организации на јавна расправа во Собранието на

[1] Достапна на: http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/444/Inicijativa_abortus.pdf

Република Македонија во Комисијата за здравство. Претставниците на Комитетот честопати предупредуваа за неуставноста на предложените измени како и нивното поднесување по скратена постапка согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ќе придонесат за суштинска повреда на човековите права и слободи на жените. Во поднесената инијатива се оспорени членови и ставови кои се во директна колизија со Уставот на Република Македонија како и меѓународни документи кои државата ги ратификувала и согласно член 118 од Уставот се  дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менува со закон.

Во тој поглед горенаведените иницијатори утврдија дека со Законот за прекин на бременоста се врши директна повреда на правото на приватност кое што го вклучува и семејниот живот, дискриминација согласно националното и меѓународното законодавство, груба повреда на правниот поредок односно поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт како и постојат основи за тортура односно нехуман третман кон ранливи категории на граѓани. Дополнително, со анализата се утврди дека со т.н. грижа за здравјето на жената, предлагачот на измените направил повреда на постојното законодавство или Законот за заштита на права на пациенти и грубо навлегува во доменот на репродуктивното здравје скратувајќи ја деловната способност на жената самостојно да се грижи за здравјето согласно член 39 во Уставот на Република Македонија.

# ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## СУДСКИ ПРЕСЕДАН СО МЕЃУНАРОДНИОТ НАДЗОР НАД УСЛОВИТЕ ВО ПРИТВОРИТЕ

Во текот на месец септември, за време на едно од судските рочишта во предметот „Монструм“, претседателот на судскиот совет извести дека до Основниот суд Скопје 1 било поднесено барање за посета на притворените лица од страна на Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК). Според претседателот, барањето било одбиено затоа што МКЦК не се согласил со условите поставени од страна на судот, а во врска со начинот на кој посетата требала да биде остварена. Јавноста присутна на рочиштето не беше известена за деталите во врска со поставените услови.

Иако одбивањето на барања за посета на притвореници од страна на невладини и независни организации (меѓу кои и Хелсиншкиот комитет) не е ништо ново, загрижува фактот што овојпат одбиена е една од најугледните меѓународни организации. Активностите на МКЦК се од чисто хуманитарна природа и се однесуваат на заштитата на правата на затворените лица. Преку редовните посети во затворени институции, МКЦК се стреми да се спречи секаков вид на тортура и друг вид на нехумано постапување и казнување. Во 2012 година оваа организација посетила над половина милион затворени лица низ целиот свет. Во Република Македонија биле остварени 4 посети на затворени институции при што биле посетени 16 затворени

лица.[2] МКЦК посетите ги врши според стандардизирана методологија, по која во Македонија и биле дозволени посети во изминатите години. Оттаму, нејасно е кои се дополнителните услови кои Основниот суд Скопје 1 ги поставил во случајот „Монструм“. Нејасна е и потребата за различно условување во овој конкретен случај наспроти останатите случаи.

Значењето за човековите права кое МКЦК го има во надгледувањето на властите при примената на мерката притвор е потврдено и во Член 211 од Законот за кривичната посатпка во кој е утврдено дека „Претставници на Меѓународниот комитет на Црвениот крст имаат право по одобрение на истражниот судија да ги посетуваат и без надзор да разговараат со притворените лица.“ Дополнително, меѓународниот мандат на МКЦК произлегува и од Женевските конвенции од 1949 година чиј потписник е и Република Македонија.[3]

Преку ова одбивање на барање за посета на притворени лица, како и преку неодамнешното одбивање на г. Франк Ла Ру - Специјален известувач при ООН за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување да го посети новинарот Томислав Кежаровски и неколкуте одбивања на слични барања поднесени од страна на Хелсиншкиот комитет, Основниот суд Скопје 1 само ги засилува сомнежите дека македонските притвори се места во кои не се почитуваат меѓународните и домашните стандарди за постапување со притвореници.

# СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

## ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ ПОБАРАА ДА БИДАТ СЛУШНАТИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ НА ДРЖАВАТА

Следејќи ги го протестот на лицата со оштетен слух (глуви и наглуви лица) одржан на 25.09.2013 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија ги нотираше барањата и проблемите со кои оваа ранлива категорија на граѓани секојдневно се соочува. Протестот помина мирно, без забележани инциденти, а претставниците на Министерството за внатрешни работи постапуваа согласно нивната законска надлежност.

Изразениот револт се должи на нетранспарентната работа на Националниот сојуз на глуви и наглуви лица, неговото раководство и начинот на кој им се овозможува пристап до права како членови на Сојузот, иако согласно статутот и активностите се предвидува овозможување на правна помош и советување за овие лица. Од овие причини, беше побарана оставка од претседателот на Националниот сојуз на глуви и наглуви како и ревизија на работењето на оваа организација од страна на Министерството за труд и социјална политика и останатите надлежни институции.

---

[2] Годишен извештај на МКЦК за 2012 година, стр. 353. Достапен на: http://www.icrc.org/eng/assets/files/annual-report/icrc-annual-report-2012.pdf
[3] Конвенциите се достапни на: http://www.icrc.org/eng/assets/files/publications/icrc-002-0173.pdf

Основниот проблем кој беше посочен од страна на лицата со оштетен слух, е во неможноста на остварување на законски загарантираното право на употреба на толкувач. Достапноста на толкувачите е исклучително тешка, што е и разбирливо ако сеземе предвид фактот дека на група од 6000 лица, во регистарот кој го води Министерството за труд и социјална политика запишани се само 12 толкувачи кои поседуваат сертификат.

Работењето на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија е регулирано со Законот за употреба на знаковниот јазик во кој е утврдена и соработката со Министерството за труд и социјална политика, особено во делот на обучувањето на толкувачи и нивно стекнување со сертификати за работа. Со оглед на тоа што Министерството за труд и социјална политика согласно членот 22 е задолжено да врши надзор на спроведувањето на овој закон, тоа е обврзано да ја следи и работата на Сојузот при спроведувањето на активностите во делот на обезбедување секаква можна помош за лицата со оштетен слух, вклучително и постапката за стекнување на сертификат за толкувач.

Комитетот изразува загриженост за пристапот до права и правда на оваа категорија на граѓани особено затоа што Република Македонија со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост има обврска да обезбеди услови за целосен пристап и остварување на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културни права. Од особена важност е граѓаните да бидат информирани за нивните права согласно домашното и меѓународно законодавство, а институциите да ги почитуваат тие стандарди и правила.

Хелсиншкиот комитет го поздравува ревидирањето на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 и истовремено потсетува на нејзиното систематско имплементирање во пракса, за да не се дозволи оваа категорија на граѓани да останат невидливи, затворени во своите домови и без можност за социјализација и интеракција во општествениот живот. Комитетот веќе обезбедува бесплатно правно советување на дел од оваа категорија на граѓани и ги информира за нивните права и обврски како и за воспоставување на комуникација со државните институции согласно националното законодавство.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## БЕСПЛАТНИОТ ПРЕВОЗ ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА ВО ЈСП Е ДИСКРИМИНАТОРСКИ ПО ОСНОВ НА ПОЛ И ВОЗРАСТ

Со четири одлуки на Советот на Град Скопје се субвенционира бесплатен превоз за сите возрасни лица (над 62 години за жени, односно 64 години за мажи) во вторник, петок и сабота во возилата на Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје (ЈСП).[4] Преку одлуките е утврдено дека средствата за субвенционирање ќе се префрлат на

[4] Одлуките се објавени во „Службен гласник на Град Скопје“ бр. 13/2010, 1/2011, 4/2011 и 12/2012.

сметка на ЈСП согласно потпишан договор помеѓу Градоначалникот на Град Скопје и директорот на ЈСП. Иако е неспорно дека Советот на Град Скопје има надлежност да донесува прописи како што се споменатите одлуки, сите донесени прописи мораат да бидат во согласност со Уставот и законите и не смеат да бидат дискриминаторски по ниту една основа. Преку утврдување на старосна граница различно за мажи и жени, Советот на Град Скопје донел прописи спротивни на Уставот, Законот за заштита и спречување на дискриминација[5] и Законот за еднакви можности на мажите и жените.[6] Според тоа, сторена е директна дискриминација врз основа на пол и старост.

Поставувањето на старосните граници се поклопува со утврдените старосни граници за стекнување со право на старосна пензија за мажи и жени, утврдени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ" бр. 98/2012 и 166/2012). Во јавноста погрешно се смета дека оваа погодност ја користат само пензионерите. Дека тоа не е точно говори фактот што жените на возраст од 62 до 64 години можат да користат бесплатен автобуски превоз без разлика дали биле во работен однос, односно дали се стекнале со старосна пензија додека истата оваа бенефиција не можат да ја искористат мажите на возраст од 62 до 64 години кои се наоѓаат во иста положба. Дека помеѓу Законот за пензиско и инвалидско осигурување и одлуките на Советот на Град Скопје не постои поврзаност говори и фактот што лицата кои се стекнале со пензија врз основа поинаква од старост (пр. инвалидска или семејна пензија), а се помлади од 62, односно 64 години, не можат да користат бесплатен автобуски превоз.

За ваквиот вид на дискриминација и нејзината неповрзаност со институтот „афирмативна акција" (т.н. позитивна дискриминација) се изјаснил и Уставниот суд на РМ кој во една од своите одлуки навел дека „Правото на осигуреникот жена да стекнува старосна пензија порано од осигуреникот маж е оправдано со принципот на афирмативна акција, но во сферата на пензиското и инвалидското осигурување, што не може по автоматизам да се применува и во други сфери, особено не ако тоа води кон ограничување на правата по основ на пол."[7]

Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација со предлог да биде утврдено постоењето на дискриминација и преку писмено мислење упатено до Советот на Град Скопје да препорача начин на отстранување на повредите на правото.

[5] „Службен весник на РМ" бр. 50/2010, членови 5(3), 11 и 12.
[6] „Службен весник на РМ" бр. 6/2012, членови 2(2) и 3(2).
[7] Одлука У.Бр. 124/2008-0-1 од 14 јануари 2009 година на Уставниот суд на Република Македонија, став 5, пасус 13. „Службен весник на РМ" бр. 16/2009.

# ПРАВА НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА

## ВОВЕД

Изминатиот месец го одбележа Иницијативата за менување на Уставот на Република Македонија, со цел да се дефинира бракот како заедница само меѓу еден маж и една жена. Оваа правна небулоза, за прашање кое е дефинирано со закон, а со оправдување дека во иднина ќе може да има проблеми, исфрли на површина неколку значајни поенти.

Со последната Иницијатива за измени на Уставот, ВМРО ДПМНЕ ја зацврсти сликата на политичка партија со средновековни погледи и дискриминирачки вредности, кои се насочени кон исклучување, па дури и насилство кон групи на граѓани кои не припаѓаат кон нивната Македонија од мрачното доба на цивилизацијата.

Лилјана Поповска од ДОМ, партија која претендира да стане дел од Зелените на Европа, пратеничка која е произлезена од граѓанскиот сектор, од здруженијата кои се борат за правата на жените, гласаше ЗА Иницијативата на Влатко Ѓорчев. Не можеме да кажеме дека сме премногу изненадени, само дека беше време маските да паднат. Во прилог ја имате листата на гласање по оваа Иницијатива.

Го поздравуваме единствениот политички зрел аргумент кој го изнесе пратеничката Ермира Мехмети, како политичарка која првпат јавно застана зад инклузијата како основен принцип врз кој треба да се гради нашата држава. Нејзиното обраќање од говорницата на Собранието на Р.М. нѐ потсети во какво политички незрело општество живееме, а нѐ потсети и на тоа колку може да е поинаку за сите граѓани, доколку имаме зрели политичари кои имаат визија и храброст да го развиваат општеството кон постигнување на социјална и правна еднаквост за сите луѓе во него. Пратеничката Мехмети рече:

> *„Ние не мислиме дека на овој начин треба да се направат уставните измени, затоа што оваа логика на исклучување на помали групи или мајоризирани групации, или групации кои не се во доминантното мнозинство, ние сметаме се делегитимира во 2001 година кога се воспостави еден нов дух, дух на консензус, дух на соработка, дух на опфат на сите групи и гарантирање на нивните права во основниот документ кој го уредува функционирањето на државата.“*

За разлика од овој конкретен став на политичарка со свежи идеи и енергија, најголемо разочарување, поголемо дури и од разочарувањето дека воопшто оваа Иницијатива се појави, е однесувањето и аргуменатцијата на опозицијата. Со исклучок на пратеникот Ивон Величковски од Либералната партија, кој доследно ги бранеше принципите и ставот на оваа партија кон ЛГБТИ заедницата, Социјал-демократскиот Сојуз, како да беше во трка да докаже кои се поголеми популисти и конзервативци, тие или пратениците на ВМРО ДПМНЕ. Без никакво воздржување, кажаа дека ќе гласаат против оваа Иницијатива, затоа што тие „уште од 1996 година го дефинирале бракот како заеница само меѓу маж и жена“ и затоа не ја гледаат смислата од вакви промени во Уставот. Со други зборови, ни укажаа дека тие исто така гледале „опасност од геј бракови“ уште во далечната 1996 година, го пресретнале и го превенирале

евентуалното појавување на таков „проблем“. Пратеникот Милетиќ од опозициската коалиција отиде уште подалеку и со еден застрашувачки говор на омраза ја спушти дебатата во највискиот законодавен дом на недостојно ниво.

Запрепастувачки е што Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија (МХЦ) во собраниската расправа беше споменат дури 15 пати, со изврртување на Иницијативата која МХЦ ја имаше пред Уставниот суд, за дискриминација во Законот за семејство, во делот за заштита од семејно насилство. Предлагачот на Иницијативата за измени на Уставот, пратеникот Влатко Ѓорчев упорно тврдеше дека тоа била Иницијатива пред Уставниот суд за легализација на бракови меѓу лица од ист пол и посвојување на деца.

Комитетот исто така ја анализираше поднесената Иницијатива во месец август. Анализата нагласува дека согласно мислењето на Европскиот суд за човекови права, Венецијанската комисија и Европскиот парламент кои се произнесоа за слична промена во Уставот на Република Унгарија и Европската конвенција за човекови права, иницијативата поднесена од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за измени на Уставот на член 40, став 1 и 2 кои се однесуваат „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон“ нема правна оправданост да се менува.[8]

Во месечниот извештај ќе најдете и многу други содржини кои беа од интерес или конкретно се однесуваа на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија.

---

## ИНСТИТУЦИИ

---

### Собраниска расправа околу предлог-законот за уставно редефинирање на бракот

Дебатата околу предлог-законот за уставно редефинирање на бракот продолжи и во месец септември. На 23ти септември пратениците во Собранието ја започнаа расправата по предлогот за пристапување кон измени во Уставот во делот на дефинирањето на бракот како заедница исклучиво меѓу маж и жена, поднесен од пратеници од владејачкото мнозинство. Главниот аргумент на Владимир Ѓорчев, пратеник на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, која е предлагач на законот беа дека со измените во Уставот ќе се спречи некоја идна влада со просто мнозинство од 42 пратеника да го смени Законот за семејство, каде што веќе е дефинирано дека бракот е заедница помеѓу маж и жена, а додека за измени во Уставот е потребно двотретинско мнозинство, а сè ова со цел зачувување на традиционалните семејни вредности. На ова се надоврза пратеникот Драгиша Милетиќ, од опозициската коалиција, кој во своето излагање јасно изјави дека хомосексуалноста ја смета за болест и дека го оправдува нејзиното казнување. На ова следеа и неколку хомофобични досетки од

[8] http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/427/Dvomesecen_izvestaj_juli_-_avgust_2013_Finalen.pdf

страна на пратеникот на сметка на ЛГБТИ популацијата. Пратеникот од Либералната партија, Ивон Величковски, се спротивстави со изјава дека постапките на владејачката партија не одат во прилог на зачувување на традиционалните вредности и побара потолерантен пристап кон ранливите и маргинализирани групи. Ваквата дебата меѓу Милетиќ и Величковски предизвика реакција од шефот на пратеничката група на СДСМ, Игор Ивановски, кој во знак на протест бараше полчасовна пауза и рече дека ваквите дебати "го претвориле Собранието во крпа". На изјавите на пратеникот Милетиќ се огласија граѓанските организации кои го сметаат говорот на Милетиќ за хомофобичен, дискриминирачки и девалвирачки за ЛГБТИ заедницата и сметаат дека во едно демократско општество какво што се стреми да стане македонското, нема место за таков говор. Најавена беше и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Директорот на Комисијата, Душко Миновски изјави дека ќе ја почекаат претставката, ќе го разгледаат случајот со говорот на омраза во Собранието и соодветно ќе реагираат. Самостојна иницијатива и волја за подлабоко разгледување на случајот од страна на Комисијата немаше.

**Одржан Тренинг за дискриминација врз основа на сексуална ориентација**

При крајот на месецот, Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше тренинг во врска со дискриминација врз основ на сексуална ориентација. На тренингот беа присутни претставници од Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Како обучувачи беа поканети Марк Бел, професор од Леичестер Универзитетот и Кочо Андоновски, Програмски Директор на ЛГБТИ Центарот за поддршка. Темите на дискусија главно беа поврзани со дискриминацијата и стереотипите поврзани со сексуалната ориентација, презентирање и разменување на позитивни искуства од ЕУ, а и тоа како истите да се применат во нашата земја, дефинирање на проблемите со кои се соочуваат ЛГБТИ луѓето и приоретизирање на истите, користење на ефективни алатки во борбата против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација како и изнаоѓање на начини за поефикасна примена на законите во пракса. Во склоп на тренингот беа одржани и неколку работилници на кои учесниците се соочија со разрешување на конкретни примери поврзани со дискриминацијата базирана на сексуална ориентација.

## МЕДИУМИТЕ И ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА

Медиумскиот простор во септември беше навидум исполнет со теми кои се од интерес за ЛГБТИ заедницата во Република Македонија. Медиумското покривање воглавно беше фокусирано и се однесуваше на собраниската расправа за уставните измени со кои беше замислено во Уставот на РМ да се вметне дефиниција за бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена; анализи за состојбата со ЛГБТ во Република Македонија; ставови на домашни и надворешни НВО за прашања од интерес за ЛГБТИ заедницата; настаните кои беа поврзани со Геј Прајдот во Белград; реакцијата на меѓународната заедница во однос на забраната за одржувањето на Геј Прајдот во Белград; насилството од омраза врз школскиот професор во Србија; интервјуто на Папата на Католичката црква; настани од други држави кои се

релевантни за ЛГБТИ заддницата; и вести од шоу бизнисот кои првенствено не се однесуваат на теми од значење за ЛГБТИ лицата.

Медиумското покривање на собраниската расправа за уставните измени предложени од владеачката партија, може да се подели на два дела: покривање на самата расправа и покривање на реакциите на НВО секторот кои се однесуваа на истата. Што се однесува до делот кој ја опфаќа самата расправа, можеме да кажеме дека медиумското покривање беше нецелосно, сензационалистичко, и мошне површно. Исто така, мораме да споменеме дека одредени медиуми забележаа дека "заканата" од легализацијата на хомосексуалните бракови е апстрактна и заземоа осудувачки став кон првиот дел од расправата, кој изобилуваше со говори исполнети со јазикот на омразата и хомофобијата, како и кои во предлогот за уставни измени препознаа битка за политички поени[9], но за жал, бројот на тие медиуми се уште останува премногу мал. Нецелосното прикажување на фактите се однесува на тоа што ниту еден медиум не ја прочита и анализира Иницијативата за промена на Законот за семејство на Хелсиншкиот комитет за човекови права туку само ги пренесуваа информациите од владејачката партија, кои беа невистинити[10]. Сензационализмот и тенденциозноста се повеќе од забележителни во медиумската селекција за тоа кои пратенички изјави и говори се пренесуваат во статиите[11], при што исклучиво или доминантно беа пренесувани изјавите и аргументацијата на предлагачот на уставните измени. Објективниот и етички начин на известување беа карактеристични за медиумската покриеност на реакциите на НВО секторот во однос на собраниската расправа[12].

Понатаму, настан кој месецов предизвика особен интерес е најавувањето, организирањето и забраната на Геј Прајдот во Белград, како и протестниот марш и реакцијата на меѓународната заедница кои следеа. За разлика од настаните кои се случуваат во Македонија и се однесуваат на ЛГБТИ заедницата, тука повторно ја среќаваме новинарската коректност и непристрасност која е карактеристична за странските настани од интерес за ЛГБТИ лицата[13]. Понатаму, настан од Србија кој ја

---

9 http://www.utrinski.mk/?ItemID=869B20EA0CA3A2409D1051BDC268EC71, http://www.makdenes.org/content/article/25114919.html, http://www.kapital.mk/MK/makedonija/96748/vmro-dpmne_saka_da_sprechi_nekoja_idna_vlada_na_sdsm_da_legalizira_gej-brakovi.aspx, http://www.makdenes.org/content/article/25108632.html

10 http://tvorbis.com.mk/index.php/vesti/lokalni/item/547-brakot-megu-maz-i-zena-ne-vleze-vo-ustavot, телевизиски Дневник на ТВ Сител во 16 и 19 часот, 23.09.2013г.

11 http://www.sitel.com.mk/mk/raspravata-za-ustavnite-izmeni-prodolzhuva-popladne, http://kurir.mk/komentari/kolumni/130980-Za-brakot-megu-maz-i-zena-za-decata, http://kurir.mk/makedonija/vesti/130960-Vo-Sobranieto-pocna-raspravata-za-ustavni-izmeni-za-brakot, http://republika.mk/?p=129560, http://www.mkd.mk/makedonija/politika/ne-pomina-predlogot-brakot-da-e-zaednica-na-mazh-i-zhena,

12 http://lokalno.mk/zhenskata-alijansa-lgbt-stop-za-govorot-na-omraza/, http://republika.mk/?p=129282, http://brif.mk/rakurs/zenska-alijansa-i-lgbt-junajted-protiv-govor-na-omraza-na-dragisa-mileatikj/, http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=63643#.Uk0sy4anolR, http://www.sky.mk/index.php/makedonija/25365-lgbt-zaednicata-so-osuda-za-govorot-na-omraza, http://www.plusinfo.mk/vest/107028/LGBT-Junajted-Dragisha-Miletikj-da-si-gi-proveri-soznanijata-za-LGBT-, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=7781,

13 http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=138290&kategorija=5, http://tocka.com.mk/1/105893/belgrad-zapocna-nedelata-na-paradata-na-gordosta-se-ceka-bezbednosna-

*(footnote continued)*

заинтересира и македонската ЛГБТИ јавност беше и претепувањето на наставникот од Нови Сад од страна на група ученици од основното училиште поради тоа што тие го перцепирале наставникот како геј. Известувањето за овој настан кај македонските медиуми се сведе на преведување и пренесување на веста од српските медиуми[14].

Во септември, дел од вниманието на медиумите во РМ беше посветено и на најновата изјава на Папата Францис кој се однесуваше на тоа дека Католичката црква треба да го намали фокусот кој го посветува на абортусот, геј браковите и контрацепцијата. Неколкуте медиуми кои пренесоа делови од интервјуто на Папата, тоа го сторија на професионален, објективен и нетенденциозен начин[15], со исклучок на еден медиум[16] кој во својот наслов го стави интервјуто на Папата исклучиво во контекст на геј популацијата, сензационализирајќи ја целата статија која следеше.

Месецов во медиумскиот простор можеа да се забележат и голем број на статии кои се однесуваа на вести од светот кои се од интерес за ЛГБТИ заедницата, а кои беа покривани на воглавно етички, неутрален и професионален начин, со мала доза на сензационализам17. Овие статии воглавно се фокусираа на реакциите на ЛГБТ интергрупата на Европскиот парламент во однос на дискриминацискот закон во Русија18; на поддршката која Путин ја изрази кон својот колега Берлускони, велејќи дека тој не би се соочувал со истите осуди доколку имал секс со мажи, наместо со жени19; за првиот кандидат за градоначалник во Турција кој е отворено геј20; за бакнежот кој италијанските пратеници од партијата М5С го споделија со своите сопартијци од ист пол во знак на протест против италијанските закони кои се дискриминаторски кон ЛГБТИ лицата[21]; на изборот на првиот градоначалник во

---

procenka, http://www.telegraf.mk/aktuelno/region/42572-belgrad-protest-poradi-zabranata-za-parada-na-gordosta, http://republika.mk/?p=131737, http://a1on.mk/wordpress/archives/212109, http://www.inpress.com.mk/default.asp?ItemID=9EA84DE92ADB5E42B713808C3A26A205, http://www.radiomof.mk/video-prajdot-vo-belgrad-odrzhan-i-pokraj-zabranata/, http://www.plusinfo.mk/vest/107556/Vo-Belgrad-sepak-se-odrzha-paradata-na-LGBT, http://republika.mk/?p=122783, http://www.sitel.com.mk/mk/se-ushte-neizvesno-odrzhuvanjeto-na-paradata-na-gordosta-vo-belgrad, http://brif.mk/balkan/odrzuvanjeto-na-gej-parada-vo-belgrad-klucno-za-napredokot-na-srbija-kon-eu/, http://24vesti.mk/malmstrom-odrzhuvanjeto-na-gej-parada-kluchno-za-napredokot-na-srbija-kon-eu, http://republika.mk/?p=126745, http://www.telegraf.mk/aktuelno/region/40311-dacik-treba-da-bidam-gej-za-da-sum-proevropski, http://republika.mk/?p=130384, http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=138899&kategorija=5, http://republika.mk/?p=132700, http://www.sitel.com.mk/mk/sovetot-na-evropa-izrazi-zhalenje-poradi-zabranata-na-gej-paradata-vo-belgrad

[14] http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=137351&kategorija=5, http://tocka.com.mk/1/104773/daj-i-jas-da-go-udram-vo-glava-grupa-osnovci-brutalno-pretepale-profesor

[15] http://www.mkd.mk/svet/vesti/papata-francisko-crkvata-stana-opsednata-so-abortusot-i-gej-brakovite, http://okno.mk/node/31683

[16] http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=17628

[17] http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=137688&kategorija=5

[18] http://www.radiomof.mk/lgbt-intergrupa-evropskite-lideri-da-go-povikaat-putin-na-odgovornost/

[19] http://republika.mk/?p=127311, http://maxim.mk/putin-berluskoni-da-beshe-gej-nemashe-da-mu-se-sudi,

[20] http://tocka.com.mk/1/105200/gej-gradonacalnik-vo-turcija, http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=137688&kategorija=5,

[21] http://a1on.mk/wordpress/archives/210198, http://lokalno.mk/videoitalijanski-pratenici-protestiraa-istopolovi-baknezhi-vo-italijanskiot-parlament/,

*(footnote continued)*

Мексико кој е отворено геј[22]; на најновите настани околу претстојните Зимски олимписки игри во Сочи, каде Меѓународниот олимписки комитет во анти-геј законот на Русија не гледа пречка за одржувањето на игрите[23]; и на осудата на дискриминацијата врз ЛГБТИ лицата која ја изрази Високиот комесар на ОН за човекови права Нави Пилај, на средбата со повеќе високи дипломати во седиштето на ОН во Њујорк[24].

Понатаму, медиумскиот простор во септември се карактеризираше и со голем број на статии од областа на шоу бизнисот, каде темите кои беа главен предмет на интерес не се однесуваа на прашања од значење за ЛГБТ заедницата, туку тие прашања беа споменувани само попатно, кога се зборуваше за темата која беше обработувана со односните статии[25]. Иако овие известувања изобилуваат со сензационализам, тоа не претставува проблем, земајќи го предвид фактот дека овие статии најчесто се сместувани во категориите "шоу-биз", "забава" и "живот".

Што се однесува до лезбејките, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните лица, во септември тие повторно беа најчесто споменувани само попатно, кога се говореше за ЛГБТИ популацијата во целост. Сепак, лезбејките и трансродовите лица беа посебно споменувани во неколку статии, но истите најчесто на мошне сензационалистички, дури и на тенденциозен начин ги пренесуваат информациите[26]. Некои медиуми отидоа дотаму, што при известувањето на изборот на една транс жена за мис во САД, зборот 'мис' во насловот го поставија во наводници, а во главниот дел на текстот направија исправка на родовата идентификација на мисицата, каде помеѓу

---

http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=138533&kategorija=6, http://www.radiomof.mk/video-italijanski-pratenitsi-na-delo-pokazhaa-poddrshka-za-lgbt-zaednitsata/

[22] http://tocka.com.mk/1/105329/meksiko-go-dobi-prviot-gej-gradonacalnik, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=17&vest=7499

[23] http://www.makdenes.org/archive/news/20130909/428/428.html?id=25099671, http://makfax.com.mk/319294/iok_smeta_deka_ruskiot_%E2%80%99gej_zakon%E2%80%99_ne_prestavuva_problem, http://portal.com.mk/sport-ostanato/iok-smeta-deka-ruskiot-gej-zakon-ne-prestavuva-problem.html

[24] http://maxim.mk/pravata-na-gej-populacijata-za-prvpat-razgledani-vo

[25] http://denesen.mk/web/2013/09/09/trogatelna-ispoved-na-holivudskiot-zavodnik/, http://zazabava.com/andrej-pejikj-glumi-gej-vo-turska-serija, http://portal.com.mk/shoubiz-muzika/lejdi-gaga-prozbore-za-svoeto-gej-minato.html, http://sitel.com.mk/mk/dzhejk-gilenhal-glasinite-deka-sum-gej-za-mene-se-kompliment, http://www.plusinfo.mk/vest/106003/FOTO-Azis-se-sobleche-gol-za-grchko-gej-spisanie, http://sitel.com.mk/mk/video-prvoto-javno-gej-zaprosuvanje-gi-srushi-rekordite-na-youtube, http://lokalno.mk/naomi-kembel-modata-ima-potreba-od-gej-kulturata/, http://lokalno.mk/sher-otkazhav-da-peam-na-olimpijadata-vo-sochi-poradi-tretmanot-na-homoseksualcite-vo-rusija/, http://portal.com.mk/shoubiz-film/dzhozef-gordon-levit-ne-saka-da-gi-demantira-gej-glasinite.html, http://sitel.com.mk/mk/dzhejms-franko-reshi-javno-da-bakne-mazh-za-da-gi-pobie-glasinite-deka-e-gej, http://hitportal.com.mk/Show_Bizz-detail/kakva-transformatsija-mozhete-li-da-go-prepoznaete-zgodniot-akter/, http://zase.mk/video-homoseksualtsite-mu-se-zakachija-na-voditelot-na-utrinskata-na-kanal-5/

[26] http://www.taratur.com/node/47636, http://portal.com.mk/zhivot-ljubov-i-seks/shto-mislat-lezbejkite-za-penisite.html, http://interesno.com.mk/showbusiness/36-showbiz/26774-obozavam-seks-so-zeni, http://makfax.com.mk/319271/dzhordzh_bush_postariot_kum_na_venchavkata_na_dve_lezbejki, http://www.idividi.com.mk/magazin/panorama/868974/index.html, http://fashionel.mk/44304/mokta-na-sminkata-go-prepoznavate/, http://www.plusinfo.mk/vest/106003/FOTO-Azis-se-sobleche-gol-za-grchko-gej-spisanie, http://tocka.com.mk/4/105483/transeksualec-ke-ja-pretstavuva-avstrija-na-evrosong, http://zazabava.com/benzema-vo-skandal-so-transeksualec, http://www.taratur.com/node/47776

зборовите ’нејзината трансформација’, медиумот додава ’односно неговата’[27]; и при известувањето за ставовите на активистката Миша Гасен, медиумот ги пресликa нејзините лични ставови како ставови на целата ЛГБТИ заедница, додавајќи дека “(деконструкцијата на бракот и семејството) е крајната цел на борбата на ЛГБТ активистите“[28], без да нагласи дека станува збор за личен став, а не за определба на целата заедница.

Тоа што е за поздравување во септември, е зголемениот новинарски интерес за прашања од областа на ЛГБТИ тематиката кои се од суштинско значење и анализата на нивното пошироко општествено значење[29].

---

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

---

**Стратегија на ЛГБТИ Центарот за поддршка**

Во изминатиот период тимот на ЛГБТИ центарот за поддршка ја дефинираше својата стратегија, со помош на експерти во областа на стратешкото планирање која се концентрира на три клучни долгорочни цели: Центарот да придонесе кон подобрување на социјалниот и правниот статус на ЛГБТИ луѓето, да придонесе кон зајакнување на ЛГБТИ заедницата и да придонесе кон подигнувањето на јавната свест преку интегрирани односи со јавност.

Причината за постоење и работење на ЛГБТИ Центарот за поддршка е јасна и произлегува од реалните проблеми со кои се соочува ЛГБТИ заедницата во Република Македонија. Посебен акцент е ставен на зајакнување на ЛГБТИ заедницата за самозастапување и менување на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија.

Во Стратегијата се наведени **целите на ЛГБТИ Центарот за поддршка**, кои се однесуваат на: обезбедување соодветна поддршка на ЛГБТИ луѓето; искоренување на стереотипите и предрасудите во општеството; зголемување на видливоста на ЛГБТИ заедницата; потребата од отпор на патријархалните и хетеронормативните концепти; сензибилизација на надлежните институции и општата јавност; промоција, заштита и почитување на правата на ЛГБТИ луѓето; обезбедување постојан мониторинг на медиумите и постојната легислатива, нејзиното извршување и пракса; како и градење на мрежи на организации, неформални групи и активисти на локално, национално и меѓународно ниво.

---

[27] http://a1on.mk/wordpress/archives/209233
[28] http://mkd-news.com/lezbejka-aktivistka-si-kazha-jasno-i-glasno-nashata-krajna-tsel-e-da-se-razori-i-unishti-semejstvoto/
[29] http://a1on.mk/wordpress/archives/200742, http://www.setimes.com/cocoon/setimes/xhtml/mk/features/setimes/features/2013/09/13/feature-01, http://www.plusinfo.mk/vest/107513/Ili-ne-mrazat-ili-se-srekjni-shto-ne-se-kako-nas, http://lokalno.mk/shto-lgbt/, http://www.radiomof.mk/dabata-na-radio-mof-lgbt-zaednitsata-vo-zemjata-so-demohristijansko-vladeene/, http://www.plusinfo.mk/vest/106942/Maksimalno-e-diskriminirana-gej-zaednicata-vo-Makedonija, http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=6&item=30899, http://www.radiomof.mk/lgbti-litsata-se-soochuvaat-so-diskriminatsija-i-nasilstvo/, http://libertas.mk/%D0%B0%D1%85-%D0%B7%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B5-%D0%B5-%D0%BF%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D1%80/, http://brif.mk/rakurs/ah-zosto-premier-ne-e-peder/

Во стратегијата истакнати и објаснети се **активностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка**, а како такви се наведуваат:
1. Подобрување на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето во македонското општество преку програма за промена на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето, застапување и лобирање и публикации;
2. Зајакнување на ЛГБТИ заедницата преку работата со групите за поддршка и културна промена;
3.Подигнување на јавната свест преку интегрирани односи со јавноста со вмрежување и односи со јавност кои се однесуваат на градење веб сајт, учество во медиуми, реакции и соопштенија како и промоција на публикациите.

Од потребата за исполнување на активностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка, произлегуваат **програмите** преку кои се реализираат самите цели на Центарот, а како такви се:
1. Програма за промена на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето;
2. Програма за зајакнување на ЛГБТИ заедницата;
3. Психолошка поддршка на ЛГБТИ луѓето; и
4. Програма за развивање на свесноста – Интегрирани односи со јавност.

**Стратешко застапување на случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација**

Со поддршка на ИЛГА Европа[30], во изработка е Документот за стратешко застапување од Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, кој претставува стратегија за застапување на случаи на дискриминација врз основ на сексуална ориентација и/или родов идентитет. Овој документ треба да биде основа за идните оценки, проценки и одлуки околу процесирање на случаите на кршење на правата на припадниците на ЛГБТИ популацијата во Република Македонија.

Стратешкото застапување (СЗ) или импакт литигацијата е метод или техника која го користи правниот (особено судскиот) систем на државата за да креира правни случаи чие решавање (или само поставување) ќе има пошироко влијание за позитивна промена во борбата и подигањето на свеста против дискриминацијата во областа и врз основ на сексуалната ориентација и/или родов идентитет.

Стратешкото застапување и овој документ треба да послужат како инструменти со чија помош правниците и невладините организации (НВО) ќе размислуваат и ќе развијат пракса како да ги препознаат, селектираат и правно ќе ги развијат случаите на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет. СЗ е инструмент во полето на јавниот интерес, со кој невладините организации предизвикуваат промени на јавната политика или ги промовираат правата на ранливите групи.

Во централниот фокус на стратешкото застапување е предизвикувањето позитивни промени во правото или политичката реформа, повеќе отколку решавање на конкретен случај на дискриминација, иако истата може да се користи и за таа намена. Стратешката застапување опфаќа техники и методи на селекција на случаите, како и планирање и менаџмент, се со цел тие успешно да се развиваат и водат до крај.

Иако застапувањето можеби не секогаш е најдобрата алатка за борба против дискриминацијата, сепак, добрата стратегија за застапување ќе ја има улогата за дополнување

[30] www.ilga-europe.org

на другите стратегии како што се кампањите, лобирањето, образованието за човековите права и мобилизацијата на јавноста.

Овој документ има намера да ги определи структуралните делови на поимот стратешко процесирање на случаите на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет во системот на “делење правда“ или правосудниот систем на Република Македонија. За таа цел, текстот во овој документ ги опфаќа основните поими кои се однесуваат и употребуваат во стратешкото литигирање, како и основните правни документи (меѓународни и домашни) кои претставуваат основа или се во врска со процесот. Во документот исто така се наведени и основните субјекти кои се повикани или треба да бидат повикани да го водат или да учествуваат во овој процес на стратешко литигирање, невладините организации и адвокати кои развиваат правни случаи кои водат кон напредок во заштитата од дискриминација во областа на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на индивидуите. Покрај тоа, во документот се разработени и основните критериуми, техниките на селекција на случаите и истакнување на целите кон кои се стреми самото застапување.

Во Република Македонија, искуствата со дискриминација врз основа на сексуална ориентација се игнорантни и полни со предрасуди, омраза и насилство. Не постои посебно законодавство за заштита на правата на трансродовите лица, а сексуалната ориентација се спомнува само во неколку закони, при што не е изречно предвидена како основа за дискриминација, а судовите и Комисијата за заштита од дискриминација не ја применуваат како основа ниту индиректно во Законот за заштита од дискриминација, иако на тоа ги обврзува европското законодавство во оваа област.

Во Извештаите на Комисијата за заштита од дискриминација не се наведуваат податоци за случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет. Во праксата на државата има институционална опструкција на видливоста на овој вид дискриминација, а поттикнувањето и ширењето омраза и говор на омраза кон лицата од ЛГБТИ заедницата од страна на владини и про-владини медиумски сервиси дополнително ја влошува состојбата. Се повеќе сме сведоци на дела од омраза, напади врз лица кои учествуваат на манифестации на ЛГБТИ популацијата и по којзнае кој пат се напаѓаат просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка.

Итно треба да бидат процесирани случаите на насилство кон припадниците на ЛГБТИ популацијата, а особено оние каде што постои пасивност на државните органи во откривањето и гонувањето на сторителите. Случајот со демолирањето и палењето на ЛГБТИ Центарот за поддршка во Старата Скопска Чаршија е соодветен пример на случај кој треба да биде процесиран со потенцирање на отежнувачките околности на омраза кон ЛГБТИ популацијата од кои е „инспириран“ и пасивноста на полицијата и системот на игнорирање кој го спроведува власта. Меѓу случаите кои треба да бидат итно процесирани се наоѓа и случајот со насилство кон активист, учесник на ЛГБТИ манифестација со нагласување на отежнувачките околности на насилство инспирирано од омраза кон припадник на ранлива ЛГБТИ популација.

Проектот за Стратешко застапување во оваа област доаѓа во исклучително важно време на воспоставување, или поточно, пред-воспоставување на правна пракса во областа на дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет и со тоа има пионерски, големи обврски и очекувања.

## ГРУПИ ЗА ПОДДРШКА

Во исчекување на крајот на реновирањето на ЛГБТИ Центарот, во септември групите за поддршка го одржаа ритамот на работа од претходниот месец. Се најавува повторно отворање на Центарот во текот на октомври.

Септември беше обележан како месец на планирање – координаторите на групите за поддршка извршија анализа на ситуацијата и проценка на потребите, па според тоа изготвија индивидуални планови за работа со групите до крајот на календарската година.Се очекува вршење на повеќе различни видови на активности на ниво на самите групи, како и на ниво на поединечни членови.

Настанот Busy Sunday, кој од јули секоја недела се одржува во еден ноќен клуб во Скопје, продолжи да се одржува и да привлекува задоволителен број на посетители.

Лезбејско-феминистичката група за поддршка одржа средба во текот на септември, на која се зборуваше за идните активности, како и за Стратегијата на Центарот и делот кој се однесува на активностите на оваа група.

Во однос на психолошката поддршка, соработката со Гешталт институтот се очекува да продолжи во просториите на Центарот, а во меѓувреме, двајца членови на транс групата за поддршка беа препратени кај соодветни стручни лица поради искажаната потреба од психолошка поддршка. Стручните лица веќе учествуваа на обуките за трансродови лица кои ги организира Центарот, така што од оваа ситуација произлегуваат можности за дополнително проширување на досегашните искуства кои веќе ги имале со други трансродови лица. Се надеваме дека оваа позитивна практика ќе придонесе кон градење основа за воспоставување на практика за започнување на процесот на транзиција во рамките на нашата држава, што е една од главните цели на транс групата и на обуките кои се организирани во соработка со активисти и стручни лица од странство.